# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД

# СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018 -2025

# ЗА 2018 ГОДИНА

**февруари 2019 година**

# ВОВЕД

Стратегијата за образованието на Република Македонија за 2018-2025 година претставува основа за активностите на институциите во Република Македонија во полето на образованието во периодот до 2025 година. Таа тргнува од постојните состојби во образовниот систем и има за цел кон тоа постепено да ги подобри истите, во согласност со утврдените приоритети.

Документот опфаќа шест главни столба на образовниот систем: предучилишно образование; основно образование; средно образование; стручно образование и обука; високо образование и истражување; и учење и образование за возрасни. Потоа следи и седмиот столб кадешто се опфатени општи теми во образовниот систем.

Овие столбови се разгледани во Дел 5, преку преглед на состојбата и досегашните активности, идентификување на предизвиците, дефинирање на приоритетите и очекуваните исходи коишто треба да се постигнат.  Дел 6 ги претставува главните начела за спроведување, мониторинг и евалуација на Стратегијата, а Дел 7 го претставува Акцискиот план.

Стратегијата за образование 2018 -2025 година е објавена на веб страната на министерството, на следниот линк:
http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-MAK-WEB.pdf

Во насока на обезбедување транспарентност во спроведување на политиките на Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и институциите од областа на образованието,  изготвен е овој Извештај за реализирани активности од Стратегијата, во 2018 година.

# 1. ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

Столб 1, од Стратегијата е посветен на предучилишното образование

Како главни приоритети се утврдени:

- Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на предучилишното образование
- Зголемување на опфатот на децата и подобрување на инклузивноста во предучилишното образование
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во предучилишните установи
- Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со предучилишното воспитание и образование и зајакнување на соработката

Во Акцискиот план за спроведување на Столб 1, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во 2018 година:

- Мапирање и попис на предучилишните установи и избор на градинки во кошто треба да се подобрат физичките услови
- Изготвување нормативи за дидактичките материјали
- Ревизија на системот за водење на педагошка евиденција и документација во институциите за децата

**Реализирани активности во 2018 година:**

1. <u>Мапирање и попис на предучилишните установи и избор на градинки во кошто треба да се подобрат физичките услови</u>

**Излезни индикатори:**

- Повикот за набавка на услуги за мапирање и попис е организиран;
- Резултатите од мапирањето со утврдени потреби на предучилишните установи се обработени;
- Критериумите за избор на предучилишните установи се дефинирани;
- Предучилишните установи се избрани според резултатите од мапирањето и критериумите од селекцијата;
- Неопходните средства се определени

**Статус:** Министерството за труд и социјална политика, во функција на зголемување на опфатот на деца и проширување на мрежата на детски градинки/центри за ран детски развој во руралните и урбаните средини  во 2018 година изработи и достави Информација со препораки до општините во Република Македонија со цел да ги разгледаат сите можности за предвидување локации за  детски градинки, како и за изградба на нови детски градинки во рамките на иста парцела до постојните градинки.

Со цел поголема транспаретност и објективност при изборот на општини за финансирање со средства од буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2018 година, Министерството донесе Процедура за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, согласно која објави јавен оглас за пројавување на интерес на општините во Република Македонија и општините во градот Скопје за изградба и проширување на капацитетите на детските градинки адаптација на други објекти и групи во други просторни услови. Од страна на министерот за труд и социјална политика се формира и Комисија за разгледување и рангирање на апликациите за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, која изврши рангирање согласно претходно утврдените критериуми во јавниот оглас. Рангирани се општини чија изградба, доградба, адаптација и/или опремување ќе биде финансирано со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика во вкупен износ од 45.560.000 денари

Во текот на 2018 година зголемен е опфатот на деца за 1.959 деца и отворени се вкупно:

- 3 јавни установи за деца-детски градинки ЈОУДГ
- 11 објекти во состав на ЈОУДГ
- 3 група во други просторни услови
- 8 приватни установи за деца
- 4 центри за ран детски детски развој и
- во 4 градинки се проширени капацитети те

Во установите за згрижување и воспитание на деца во 2018 година се згрижени вкупно 38.136 деца на возраст од 0-6 години.

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Светска Банка ќе реализира проект за изградба –реконструкција на објекти наменети за зголемување на опфатот на деца од предучилишна возраст во износ од 28,7 милиони евра како и дополнителни средства од 3,2 милиони евра преку ИПА 2 компонентата наменети за изградба на детски градинки и за професионален развој на кадарот. Со овие активности се очекува во наредниот четиригодишен период опфатот на деца во предучилишно образование дополнително да се зголеми на 50 % .

Во насока на подобрување на капацитетите на човечките ресурси во предучилишните установи зголемен е бројот на вработени лица во јавните установи за деца .Во текот на 2018 година во установите за згрижување и воспитание на деца се вработени вкупно 1005 лица на неопределено време и 79 лица на определено време. Сите 4.300 вработени, со септемвриската плата исплатена во октомври добија покачување од 5%.

Во насока на подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со предучилишното воспитание и образование и зајакнување на соработката , во 2018 година се измени правилникот за Лиценцирање со тоа што се поедностави постапката за обновување

и продолжување на лиценците за работа во дејноста згрижување и воспитание на деца, а изготвена е и анализа за ставање во функција на советувалиштата во детските градинки.

2. <u>Изготвување нормативи за дидактичките материјали</u>

**Излезни индикатори:**
- Нормативите за дидактичките материјали се одобрени

**Статус:** Во текот на 2018 година се измени Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца, а делот за дидактички материјали е сè уште во фаза на изработка во соработка со Бирото за развој на образование.

3. <u>Ревизија на системот за водење на педагошка евиденција и документација во институциите за децата</u>

**Излезни индикатори:**
- РГ за ревидирање на системот за водење на педагошка евиденција и документација се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Новиот систем е изготвен и разгледан е со клучните заинтересирани страни;
- Системот за педагошка евиденција и документација којашто се води во институциите за децата (дневник на работата со детските групи и ревидирани индикатори за портфолиото на децата) и насоките за негово воведување официјално се одобрени

**Статус:** Формирана е работна група за ревидирање на системот за водење на педагошка евиденција и документација со претставници од Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Бирото за развој на образование, Државен просветен инспекторат. Спроведено е истражување од страна на БРО со показатели за подобрување на образците за педагошка евиденција и документација и начинот на водење.

Ќе продолжат отпочнатите активности за електронско поврзување на јавните установи за деца со Министерството за труд и социјална политика во делот на водење на педагошката евиденција и документација и реализација на програмските активности. МТСП е во фаза на формирање на работна група која ќе работи на оваа проблематика

Во 2018 година започнати се активности кои се со подоцнежен рок на имплементација и тоа:

1. <u>Развивање и воведување на професионални стандарди и работни профили за воспитувачи, негуватели, стручни работници, стручни соработници и раководители на предучилишните установи</u>

**Излезни индикатори:**

- РГза изработување на професионалните стандарди и профилите на работните места се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Меѓународните искуства се проучени;
- Професионалните стандарди и профилите на работните места се изработени и разгледани се со клучните заинтересирани страни;
- Професионалните стандарди, профилите на работните места и прирачниците за нивно воведување официјално се одобрени

**Рок на имплементација:** 2020

**Статус:** Започна процес на изработка на професионални компетенции за воспитувачи за подобри развојни резултати кај децата, компетенции за воспитувачи во установите за згрижување, воспитание и образование на деца и дефинирање на професионални вредности и области на компетенции за воспитувачи и формирани се работни групи.

Реализиран е проект „Зајакнување на улогата на граѓанското општество во осигурувањето рамноправност и квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување (ЗЕ)“ и објавен е Опис на задачи за ИПА проект „Raising the quality of pre-school education and care“

2. <u>Обука на вработените во предучилишните установи</u>

**Излезни индикатори:**

- Повикот е организиран;
- 50% од воспитувачите и негувателите се вклучени во програми за професионален развој

**Рок на имплементација:** 2022

**Статус:** Министерството за труд и социјална политика во партнерство во Уницеф започнаа со серија на обуки на 30 воспитувачи од предучилишно образование, кои ќе ја водат програмата за развој на социјални и емоционални вештини на децата од преучилишна возраст. Станува збор за двегодишна програма која има за цел да обезбеди подеднаква застапеност на содржини за социо-емоционален развој во предучилишните програми како што се застапени програми за когнитивни вештини и писменоста. Програмата е изготвена врз основа на системско испитување на предучилишното образование кое е спроведено во текот на 2018 година. Некои од наодите на оваа дијагностичка проценка беа: зајакнување на професионалните компетенции на настаниците и воспитувачите од предучилишно образование, создавање на систем на континуиран професионален развој на кадарот,

подобрување на соодносот воспитувач-дете и постигнување национален консензус за системот на следење и евалуација на работата во предучилишниот сектор.

Со цел поквалитетно реализирање на мерките од приоритет 1: Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на предучилишносто образование, Бирото за развој на образованието во текот на 2018 година спроведено е квантитативно и квалитативно истражување на тема „Актуелната состојба и предизвиците во предучилишното воспитание и образование во Република Македонија, од страна на Бирото за развој на образованието.. Со истражувањето се опфатени вкупно 30% од Детските градинки во Репблика Македонија. Заради поголема репрезенативност на добиените податоци, за потребите на истражувањето во насока на подлабинска и посеопфатна анализа беа опфатени повеќе видови примероци: примерок на предучилишни установи (детски граднки и центри за ран детски развој), примерок на директори, примерок на педагози, примерок на воспитувачи, примерок на родители и примерок на одделенски наставници и педагози од основните училишта. Ова е особено важно за да може да се третираат паралелно повеќе предлози и сугестии во насока на подобрување на квалитетот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија во насока на унапредување на унапредување на стандардите и програмата за рано учење и развој како и професионалниот развој на воспитно образованиот кадар.

## 2. ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ)

Столб 2, од Стратегијата е посветен на општото основно образование

Како главни приоритети се утврдени:

- Подобрување на содржината на основното образование
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и интеретничката интеграција во основното образование
- Подобрување на условите за учење и квалитетот во остварувањето на основното образование
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта
- Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование

Во Акцискиот план за спроведување на Столб 2, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во 2018 година:

- Изготвување акти за регулирање на инклузијата на децата кои не се вклучени во образовен систем

- Воспоставување систем за идентификување на учениците со посебни образовни потреби
- Воведување законски измени за зајакнување на учеството на ученичките тела во работата на училиштата

**Реализирани активности во 2018 година:**

1. <u>Изготвување акти за регулирање на инклузијата на децата кои не се вклучени во образовен систем</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ со членови од релевантните институции се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Процедурата за идентификување на децата кои се исклучени од образованието официјално е одобрена;
- Актите за запишување или враќање на училиште за децата кои се надвор од од образованиот систем официјално е одобрен

**Статус:** Во рамки на Проектот за иклузија на деца што се надвор од училиштата во образовниот систем, поддржан од Детската фондација Песталоци, а имплементиран од страна на Министерството за образование и наука и Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) изготвен е Извештај од истражувањето за инклузија на деца што се надвор од училиштата, согласно кој утврдени се препораки за понатамошно постапување. Врз основа на наодите и препораките од Извештајот, отпочнати се активности за инклузија на овие деца, преку изградба на систем за нивна идентификација, изработка на акти за регулирање на инклузијата и изработка на систем за нивна континуирана поддршка (стипендии). Министерството за образование и наука во месец октомври 2018, склучи Меморандум за разбирање со Детската фондација Песталоци и МЦГО. Со Решение на министерот за образование и наука, во месец декември 2018, формирана е Работна група со членови од МОН, Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат, Педагошка служба при МОН, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда и МЦГО.

Во предлог верзијата на новиот Закон за основно образование дополнет е нов член „Образование на деца кои не биле вклучени во настава" кој предвидува за децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница да се изготвуваат соодветни наставни програми со кои ќе се овозможи нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование. По извршената проверка на нивното знаење ќе се издава свидетелство со кое се запишува ученикот во следното одделение на основно образование. Наставните програми ќе ги изготвува Бирото, а ќе ги одобрува министерот.

Во рамки на ИПА 2 и Акциската програма за земјата за 2017 година предвиден е проект „Support to Combating discriminations by improving inclusiveness in compulsory education"

(EuropeAid/161637/DD/ACT/MK) чија цел е преку обезбедување на стипендии да се даде поддршка во образованието на децата со попречености и децата од заедниците на Ромите. Поспецифично, целта на оваа грантова шема е да се зајакне мотивацијата за упис и редовно присуство во основното образование, како и да се зголеми уписот и намали осипувањето на овие ранливи групи ученици во основното образование, а воедноi да се подобри квалитетот на дополнителните образовни услуги во инклузивна училишна средина.. Покрај стипендиите, овој проект опфаќа и поддршка за основните училишта да овозможат поефективен  пристап до квалитетно образование за децата со попречености и децата од заедниците на РомитеСистемот на идентификување на ранливите категории на деца и ученицина нивно на општина и на ниво на училиште ќе биде подобрен, а капацитетите на националните авторитети ќе бидат унапредени. Повикот за доделување на грантови е објавен на 17.01.2019 година на веб страната на Европската комисија (https://webgate.ec.europa.eu/europeaid/online-services/index.cfm?ADSSChck=1549270555645&do=publi.detPUB&orderbyad=Desc&aoet=36538&searchtype=AS&debpub=&nbPubliList=15&page=1&orderby=upd&zgeo=35506&aoref=161637&userlanguage=en).

2. Воспоставување систем за идентификување на учениците со посебни образовни потреби

**Излезни индикатори:**

- РГ за изготвување на системот се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Подзаконските акти за регулирање на процедурите и механизмите за инклузија на децата со посебни образовни потреби во основното образование официјално се одобрени;
- Правилникот за проценка на потребите и способностите на учениците официјално е одобрен;
- Осум регионални тела за функционална проценка на потребите и способностите на учениците се формирани

**Статус:** Бирото за развој на образованието  во текот на 2018 година спроведе истражување на тема: „Актуелната состојба на инклузија на децата со посебни образовни потреби во основното образование во Република Македонија". Целта на истражувањето е разгледување и проценување на актуелната состојба на инклузија на децата со посебни образовни потреби во основното образование во Република Македонија, посебно од аспект на разгледување и проценување на улогата на специјалниот едукатор (дефектолог) како стручен соработник во редовните основни училишта.  За утврдување на моменталната состојба направена е сеопфатна анализа на инклузивното образование од аспект на: бариери, видови попречености и потешкотии,  анализа на меѓународни документи кои го третираат инклузивното образование и увид и анализа на постојната законска регулатива и програмските документи на кои се базираат професионалните компетенции на стручниот соработник-дефектолог во редовните основни училишта во Република Македонија.

Во рамките на истражувањето направен е увид и анализа на инклузивното образование во Шведска, Англија, Италија, Хрватска, Србија и Црна Гора, земји, кои имаат востановено добри инклузивни практики и нивна компарација со инклузивното образование во Република Македонија. Истражувањето ја опфати и постапката на утврдувањето на професионални компетенции за специјален едукатор (дефектолог)-педагошки асистент и утврдувањето на професионални компетенции за личен асистент, како и нивна диференцијација со компетенциите на стручен соработник специјален едукатор (дефектолог) и нивниот професионален ангажман во сите степени на образование (предучилишно, основно и средно образование).

Со истражувањето се опфатени вкупно 367 основни училишта во Република Македонија, од кои во 293 наставата се реализира на македонски наставен јазик и во 74 на албански наставен јазик. За истражувањето беа користени анкетни прашалници наменети за училиште, наставници и стручни соработници. Вкупниот примерок на наставници што одговорија на прашалникот изнесува 739 наставници. Од нив 262 се одделенски наставници, а 477 од предметна настава. Вкупниот примерок на стручни соработници што одговорија на прашалникот изнесува 335 стручни соработници во основните училишта во Република Македонија, од нив 141 се педагози, 130 психолози и 64 дефектолози (специјални едукатори и рехабилитатори).
По обработката и анализата на добиените податоци изготвен е детален извештај од кој произлегуваат заклучоци и идни препораки за поквалитетно инклузивно образование.

3. <u>Воведување законски измени за зајакнување на учеството на ученичките тела во работата на училиштата</u>

**Излезни индикатори:**
- Нацрт законските измени се изготвени;
- Предлогот нз законски измени е доставен до ВРМ

**Статус:** Во предлог верзијата на новиот Закон за основно образование, предвидени се измени и зајакнување на учеството на ученичките тела во работата на училиштата

Во 2018 година започнати се активности кои се со рок на имплементација во 2019 и 2020 година:

1. <u>Изработка на Национален стандард за секој циклус од основното образование</u>

**Излезни индикатори:**
- РГ за изготвување на Националниот стандард се формирани;

- Финансиските средства се определени;
- Меѓународните искуства се проучени;
- Националниот стандард е изготвен и разгледан е со клучните заинтересирани страни;
- Нацрт правниот акт за одобрување на Националниот стандард е изготвен;
- Националниот стандард и упатството за негово воведување официјално се одобрени

**Рок на имплементација:** 2020 година

**Статус:** Бирото за развој на образованието започна со изработка на нацрт документ - Национален стандард за постигања на учениците за основното образование. Формирана е работна група што работи на Националниот стандард којшто се базира на клучните компетенции за доживотно учење одредени од Европската комисија (јазична писменост, комуникација на странски јазик, математички, научни и технолошки компетенции, дигитална писменост, учење како да се учи, лични, социјални и граѓански компетенции, претприменички компетенции, културни и интеркултурни компетенции). Проучени се меѓународните искуства и предлог верзијата на доукументот е во завршна фаза. Врз основа на националниот стандард базиран на компетенциите понатаму ќе се развијат нови наставни програми за основно образование.

2. <u>Анализа на учебниците со цел утврдување на недостатоците во постоечките учебници, од аспект на родовата еднаквост, мултикултурализмот, почитување на различностите и демократските вредности, Ревидирање на учебниците и Печатење на ревидираните учебници</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ за анализирање на учебниците се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Сите учебници за релевантните предмети се анализирани
- Анализата на недостатоците на постоечките учебници е спроведена;
- Учебниците се изготвени и разгледани се со клучните заинтересирани страни (како и со специјалисти од областа);
- Учебниците поминале низ официјална експертска проценка;
- Учебниците се официјално одобрени и подготвени за издавање
- Повикот за публикација на учебниците е организиран;
- Неопходниот број на примероци од учебниците е објавен и доставен е до училиштата

**Рок на имплементација:** 2020 година

**Статус:** Во однос на ревизија на учебниците и изготвување на нови поквалитетни учебници извршена е измена на 30% од содржината на 22 учебника во основно образование и новите учебници се испечатени и доставени до сите училишта, со стартот на новата учебна година (септември 2018 година)

Во 2017 година, Министерството за образование и наука повлече од употреба два учебника во кои беше нотирана дискриминација по различни основи, меѓу кои и по основ на род и пол.

Имено, министерот за образование и наука со решение формираше Комисии за давање предлог за повлекување од употреба на одобрен учебник, учебникот „Општество" за четврто одделение и за учебникот „Граѓанско образование" за осмо одделение во основно образование. Врз основа на извештаите на комисиите и наодите за дискриминација, министерот за образование и наука донесе решенија со кои овие два учебника се повлечени од употреба.

Во насока на унапредување на концептот на граѓанско образование, формиран е Стручен тим за унапредување на граѓанското образование во основното и средното образование за унапредување на граѓанските компетенции на учениците согласно препораките на Европската комисија. Стручниот тим е составен од претставници од МОН, БРО, Центарот за стручно образование и обука, наставници кои реализираат настава по предметот Граѓанско образование, универзитетски професори и претставници на граѓанскиот сектор. Стручниот тим изготви документ за Граѓански компетенции од кој произлезе да се промени наставната програма по предметот Граѓанско образование за VIII и IX одделение и за прва година во средно образование. Новата наставната програма за VIII одделение започна да се применува од 3-ти септември 2018 година и може да се види на веб страницата на БРО (www.bro.gov.mk). Наставната програма за IX одделение е изготвена, донесена од министерот и нејзината имплементација ќе започне од септември 2019 година. Наставната програма по граѓанско образование е изготвена со јасно определени резултати од учење. Граѓанското образование во Р. Македонија се насочува кон развој на компетенциите кои се однесуваат на сѐ она што се очекува учениците да знаат, разбираат или умеат да прават како и да прифаќаат систем на вредности потребни за функционирање како демократски и активни граѓани. БРО ја изработи и наставната програма за граѓанско образование за прва година на средното стручно образование, Програмата е модуларна, базирана на компетенции и започна да се применува во 6 пилот училишта од септември 2018 година.

Во периодот ноември-декември 2018, реализирани се обуки за сите наставници кои реализираат настава по предметот Граѓанско образование во основните училишта.Обуката е дел од реформите во основното образование која има за цел да ги зајакне компетенциите на наставниците за реализација на новиот пристап во наставата и учењето на граѓанското образование со активно вклучување на учениците.
Број на одржани обуки: 15.
Број на учесници на обуките: 353

3. <u>Обучување на наставниците и стручните соработници за рано препознавање и работа со ученици со посебни образовни потреби</u>

**Излезни индикатори:**

- Давателите на услуги за обучување се избрани;
- 100 наставници и стручни соработници се обучени да спроведуваат обуки за наставници;
- 70% од стручните соработници во училиштата се обучени за рано препознавање и работа со учениците со посебни образовни потреби;

- Најмалку 30% од наставниците се обучени за рано препознавање и работа со ученици со посебни образовни потреби, преку акредитирани даватели на услуги

**Рок на имплементација:** 2020 година

**Статус:** Имајќи предвид дека инклузијата е процес којшто ги зема предвид различните потреби на сите ученици преку зголемувањето на учеството во учењето, учеството на различните култури и заедници, намалувањето на исклученоста во рамки на образованието, како и исклученоста од образовниот процес Бирото за развој на образованието со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ започна со обука на основните училишта за нивна трансформација во инклузивни средни за раст и развој на секое поединечно дете.

Во пилот фазата (ноември-декември 2018 година) беа вклучени 20 училишта  во кои се обучени сите наставници од избраните училишта од страна на тимовите составени од советник во Бирото за развој на образование, специјален едукатор и практичар (наставник/педагог/психолог).За реализација на обуките и за работата во училиштата со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ подготвен е и отпечатен *Водич за работа на инклузивните тимови во основните училишта (на македонски јазик и на албански јазик).*

Од 2019 година со обуката ќе бидат опфатени, постепено, сите училишта во Републиката.

4. <u>Обезбедување учество на Република Македонија во меѓународните  студии ТИМСС и ПИСА</u>

**Излезни индикатори:**

- Обезбедени се емпириски податоци за математичката писменост и писменоста по природните науки кај учениците во основното образование споредени со меѓународни перспективи
- Обезбедени се емпириски податоци кај ученици на 15 годишна возраст за 3 подрачја (оспособеност за читање со разбирање, математичка писменост и писменост по природни науки) споредени со меѓународни перспективи

**Рок на имплементација:** 2020 година

**Статус:** Во однос на ТИМСС тестирањето, подготвени се инструменти за пробно ТИМСС 2019 тестирање, реализирано е пробното тестирање во 32 основни училишта и изготвен е извештај од пробно ТИМСС 2019 тестирање. Подготвени се инструменти за главно ТИМСС 2019 тестирање.

Во однос на ПИСА  тестирањето , подготвени се инструменти за главно ПИСА 2018 тестирање, реализирано е главното ПИСА 2018 тестирање во сите средни училишта на примерок од околу 6000 ученици, оценети се 6000 тестови од главно ПИСА тестирање, внесени се податоците од тестовите и прашалниците во база. Резултатите од ПИСА 2018 ќе бидат објавени кон крајот на 2019 година (ноември/декември)

Обезбедено е учество во ПИСА2021 и во ПИРЛС2021

5. Подготвување на измени на законодавството за максималниот број на ученици по паралелка

**Излезни индикатори:**

- Законските измени се изготвени;
- Нацрт правните акти за амандманите на законодавството се поднесени до ВРМ

**Рок на имплементација:** 2019 година

**Статус:** Во предлог верзијата на новиот Закон за основно образование, во член 51 предвидено е бројот на ученици во паралелка да изнесува од 20 до 30.

6. Реконструкција на зградите на основните училишта кои не ги исполнуваат нормативите за изградба

**Излезни индикатори:**

- Списокот на основни училишта кои треба да се реконструираат е изготвен;
- Повикот за набавка на услуги за дизајнирање и реконструкција е организиран;
- Архитектонското решение за градежните работи со проценка на буџетот се изготвени;
- Зградите на 40 избрани основни училишта се реконструирани така што ги исполнуваат нормативите за изградба

**Рок на имплементација:** 2020 година

**Статус:** Од страна на Владата на Република Македонија. на седницата одржана на 23.01.2018, донесена е Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во 2018 година и истата е објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2018 од 26.01.2018 година.

Во 2018 година заврши изградбата на три нови училишни објекти: ОУ „Вера Јоциќ" во о.Гази Баба, ОУ „Кирил и Методиј" во Фалише, Тетово и ново модуларно училиште во с. Ношпал, Општина Могила, а продолжи изградбата на целосно нов објект за основно училиште: ОУ „Димитар Македонски" во о.Аеродром. Во 2018 започна изградба на нов училишен објект во м.в Љубош, КО Долно Количане, с.Батинци о.Студеничани. Спроведени се постапки, согласно Законот за јавни набавки, за избор на фирма за изработка на техничка документација-основен проект со сите фази и елаборати за изградба на ОУ „Васил Главинов" , ПУ во с.Клуковец, Општина Велес

Во 2018 година, заврши реконструкцијата на едно основно училиште во Општина Кавадарци, а започна реконструкција на 15 училишта (ОУ „Димката Ангелов Габерот„ ПУ с. Прждево, о. Демир Капија; ОУ „Јосип Броз Тито„ ПУ с. Радожда о.Струга; Скопје, ОУ Браќа Миладиновци –

Пробиштип, ОУ Тошо Арсов – Штип, ОУ Бајрам Шабани –Куманово, ОУ Крсте П. Мисирков – Оризари, ОУ Лазо Ангеловски –Скопје, ОУ Кузман Шапкарев – Драчево, ОУ Јероним Де Рада – Черкезе, ОУ Никола Карев – Пробиштип, ОУ Наум.Н.Борче – Маџари, ОУ Панајот Гиновски – Бутел, ОУ Перпарими – с.Чегране, ОУ Бајрам Шабани – с.Кондово и ОУ Васил Главинов – Чаир). Во 2018 спроведена е постапка за изработка на техничка документација со сите фази за санација на опожарен објект за ООУ „11 Октомври" –с.Ново Село, о.Боговиње

Завршена е изградбата на четири училишни спортски сали во основни училишта (ОУ „Мустафа Ќемал Ататурк" Гостивар, во Кавадарци и Јосифово- Валандово и ОУ Сабедин Бајрами во Камењане, општина Боговиње).

Во месец декамври изготвена е предлог-Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во 2019 година и истата е доставена во владина процедура на усвојување.

7. <u>Изработување Концепт за систем за обезбедување контрола на квалитетот</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Концептот со насоки како да се анализираат резултатите од сите спроведени тестирања (национални и меѓународни, е одобрен

**Рок на имплементација:** 2019 година

**Статус:** Во соработка со Уницеф и ОЕЦД изготвен е преглед на системот во Република Македонија за обезбедување на контрола на квалитет. Извештајот е изготвен со соработка со Работната група составена со претставници од Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат, Државен испитен центар, Центар за стручно образование и обука. При изготвување на извештајот/прегледот од страна на експерти на ОЕЦД остварени се интервјуа со сите релевантни чинители во образованиот систем. Извештајот дава и насоки/препораки за подобрување на системот за обезбедување на контрола на квалитетот и тоа во неколку сегменти: повисоки образовни резултати преку оценување на ученици, оценување на наставниците како поддршка и потик за добра настава, усогласување на евалуацијата на училиштата со основните цели за одговорност и подобрување и креирање поцврста рамка за следење и евалуација на националниот напредок во образованието.

На 31 јануари 2019, организиран е настан со сите образовни институции и нИзвештајот со насоките ќе биде споделен за поширока јавна расправа и врз основа на истиот ќе биде изработен Концепт за систем за обезбедување контрола на квалитет.

8. <u>Ревидирање на критериумите за упис на студенти на педагошките факултети, Ревидирање на студиските програми (иницијалната обука) за наставници, Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците и стручните соработници кои се приправници, Примена на системот за напредување во</u>

кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник, ментор/стручен соработник-советник)

**Излезни индикатори:**

- РГ за изготвување на критериумите и механизмот за нивно спроведување се формирани;
- Документот за политиката за избор на ученици за педагошките факултети е одобрен
- РГ од независни експерти за проценка на компатибилноста на студиските програми со бараните компетенции на наставниците се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Меѓународните искуства се проучени;
- Ревидираните студиски програми се евалуирани од страна на РГ;
- Барањето за реакредитација на студиските програми за иницијалната обука на наставниците е поднесено;
- Ревидираните студиски програми се акредитирани
- Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа
- Наставниците се мотивирани да постигнат подобри резултати на работното место;
- Професионалните компетенции на наставниците континуирано се подобруваат

**Рок на имплементација:** 2020 година

**Статус:** Во рамки на ИПА 2 - и Акциската програма 2017 „ЕУ поддршка за образование, вработување и социјални политики" предвиден е проект „Improving quality of the education" (EuropeAid/139847/IH/SER/MK) во времетраење од 24 месеци, кој опфаќа надградба на системот на обезбедување на квалитет и инвестирање во професионалниот развој на наставниците. Проектот има две компоненти: (1) анализа и ревизија на интерниот и надворешниот систем на обезбедување на квалитет (евалуација) и (2) подобрување и унапредување на системот на професионален развој на наставниците. Согласно ИПА процедурите, на 21.08.2018 година беше објавена Белешка-најава за тендер за овој проект. Во периодот јули-декември се работеше на подготовка на Опис на задачи за овој проект, којшто на 10.01.2019 година беше доставен на одобрување до Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии. По негово одобрување од МФ, а последователно и Делегацијата на ЕУ, ќе следи спроведување на тендерската процедура за избор на најповолен понудувач, по што се очекува склучлување на Договорот за услуги кон крајот на 2019 година.

9. Овозможување стипендии за студирање на педагошките факултети за учениците од средните училишта кои постигнале одличен успех

**Излезни индикатори:**

- Можностите за стипендирање се јавно објавени;
- Стипендии се доделени и искористени се други придобивки

**Рок на имплементација:** 2019 година

**Статус:** Владата на Република Македонија на 105-та седница, одржана на 27.11.2018 година го усвои Законот за изменување и дополнување на законот за студентскиот стандард во насока на воведување на нов тип на студентски стипендии за студенти запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование. Целта на ова законско решение е да се мотивираат завршените средношколци со постигнати високи резултати (кои биле корисници на стипендија од министерството за талентирани ученици) да го продолжат своето образование на факултети кои реализираат студиски програми за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование. Законот е во собраниска процедура на усвојување

## 3. ОПШТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (гимназии, уметнички училишта и училишта за ученици со посебни образовни потреби)

Столб 3, од Стратегијата е посветен на општото средно образование

Како главни приоритети се утврдени:

- Подобрување на содржината на средното образование
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта
- Подобрување на условите за учење и на квалитетот на образованието

Во Акцискиот план за спроведување на Столб 3, предвидени се 5 мерки кои треба да се реализираат во 2018 година:

- Ревидирање на законодавството за изработка и објавување на учебници и останати нагледни помагала
- Целосно мапирање на физичките услови во средните училишта
- Анализа на ситуацијата со бројот на училишта и бројот на ученици во паралелките
- Воведување законски измени за зајакнување на учеството на ученичките тела во училиштата
- Развивање Концепција на Центарот за талентирани ученици

**Реализирани активности во 2018 година:**

1. <u>Ревидирање на законодавството за изработка и објавување на учебници и останати нагледни помагала</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ за изготвување на измени на законодавството се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Законските измени се изготвени и разгледани се со клучните заинтересирани страни

- Нацрт измени на законодавството се изготвени

**Статус:** Законот за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование, е донесен и објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.21/2018 од 02.02.2018 година.

Со измените на Законот се предвидуваат следните новини:

- на издавачот му се дава право да го пушти во слободна продажба одобрениот учебник, по цена по која Министерството го откупува истиот;
- се допрецизира постапката кога Педагошката служба објавува јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик;
- се додава нов член со кој се регулира постапката во случаите кога Педагошка служба објавува јавен конкурс за издавање на учебник на кој можат да конкурираат издавачки куќи со адаптиран учебник од странство или да конкурираат со подготвен учебник автор, односно автори од Република Македонија;
- Заради подобрување и осовременување на одобрените учебници се додава нов член со кој се уредува постапката ако во одобрените учебници се потребни одредени исправки или дополнувања од стручен, методолошки или технички аспект, или превод, а истите не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот, Педагошката служба може да ги повика издавачите, односно авторите да предложат исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот во рок од 30 дена од денот на добивање на повикот. Се дава законска можност ако во одобрените учебници се потребни одредени исправки или дополнувања од стручен, методолошки или технички аспект, како и од аспект на превод и адаптирање, а истите не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот, авторите или издавачот да можат да предложат исправки и/илиили дополнувања до Педагошката служба, без претходно барање од страна на Педагошката служба. Директорот на Педагошката служба формира комисија за давање на мислење по доставените предлози за исправки и/или дополнувања, а комисијата мислењето го доставува најдоцна во рок од 15 дена, од денот на нејзиното формирање, до директорот на Педагошката служба. Врз основа на позитивното мислење на комисијата, министерот носи решение со кое потврдува дека продолжува да важи одлуката за употреба на учебникот. Врз основа на решението, издавачот е обврзан да го издаде учебникот со исправките или дополнувањата или да испечати додаток на учебникот во кој се содржани исправките односно дополнувањата. Ако издавачот, односно авторот не постапи, одобрението за употреба на учебникот се одзема;
- се дава основ, министерот да пропише правилник за висината на надоместокот на членовите на рецензентската комисија, врз основа на обемот и сложеноста на работата по учебник;
- се уредува дека секој учебник да може да биде во употреба пет учебни години, освен учебниците во кои има содржини кои ученикот ги пополнува со пишување, боење, сечење и лепење, како и учебниците за прво, второ и трето одделение." Се додава нов став согласно кој директорот на Педагошка служба составува список на учебници кои се употребуваат пет учебни години и список на учебници кои се заменуваат секоја учебна година.

2. <u>Целосно мапирање на физичките услови во средните училишта</u>

**Излезни индикатори:**

- Повикот за набавка на услуги за целосно мапирање на средните училишта е организиран;
- Резултатите од мапирањето со утврдени можности или потреби за инклузија на учениците со физичка попреченост се обработени

**Статус:** Не е спроведена постапка (објавен повик за набавка на услуги) за целосно мапирање на средните училишта.

Во рамки на ИПА 2, изготвена е анализа на 12 образовни установи, во насока на утврдување на нивната пристапност за ученици/студенти со попреченост. Во рамки на оваа анализа опфатени се четири средни училишта („Раде Јовчески – Корчагин” во Скопје, „Гоце Стојчески” во Тетово, „Наце Буѓони” во Куманово и „Наум Охридски” во Охрид).

Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2018 година, од страна на Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.01.2018, и е објавена во „Службен весник на Република Македонија” бр. 17/2018 од 26.01.2018година.

Изготвена е предлог-Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2019 година и истата е доставена во владина процедура на усвојување.

3. <u>Анализа на ситуацијата со бројот на училишта и бројот на ученици во паралелките</u>

**Излезни индикатори:**

- Повикот за набавка на услуги за анализа е организиран;
- Резултатите од анализата со препораки се обработени

**Статус:** : Имајќи предвид дека средните општински училишта/ средните училишта на Град Скопје се во надлежност на општините и Градот Скопје, анализата на бројот на училишта, бројот на паралелки, како и соодветниот вид на образование кој се реализира претставува особено тежок процес. Во таа насока Министерството за образование и наука достави допис со насоки за планирање на уписната политика за учебната 2019-2020 година, односно доставување на предлози за запишување на ученици во прва година во општинските средни училишта, односно средните училишта на Градот Скопје. Предлозите кои треба да ги достават општините/ Градот Скопје треба да се изготвени врз основа на детални анализи, образложенија за потребата од истите, реалната потреба на пазарот на трудот, како и податоците од Агенцијата за вработување. Притоа анализите треба да се базираат и на реалните потребите на пазарот на трудот во општината, односно регионот, а завршените ученици да имаат полесна и побрза вработливост, да не создаваат вишок од работна сила за кој нема реална потреба на пазарот на трудот. Анализата треба да се осврне и на просторните услови како и наставни средства за реализација на воспитно – образовниот процес,

состојбата со наставниот кадар на ниво на општина / Град Скопје, како и бројот на ученици кои го завршуваат основното образование по наставен јазик на ниво на општина, регион.

4. Воведување законски измени за зајакнување на учеството на ученичките тела во училиштата

**Излезни индикатори:**

- Нацрт законските измени се изготвени;

**Статус:** Со Решение на министерот за образование и наука со бр.12-12833/1 од 31.10.2018 година, формирана е Работна група за средношколско демократско организирање. Работната група, која е составена со претставници од Министерството за образование и наука и граѓанскиот сектор (здруженија на млади) има обврски да изработи Концепт со предлог законски измени. Работната група има изготвено Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, како и Правилник за ученичко организирање и учество. Предлог законот и правилникот ќе придонесат за ученичкото организирање во средното образование, бидејќи на тој начин младите ќе бидат директо вклучени во процесите на одлучување кои ги засегаат самите нив. Младите на овој начин ќе имаат прилика од најрани години да бидат дел од демократските процеси, градење на свест и поголема вклученост во општествените процеси и создавање на активна младина. која понатаму ќе ги гради и пренесува демократските вредности.

Истовремено, формирана е и работна група за изменување и дополнување (или изработка на нов) на Законот за средното образование. Со новото законско решение ќе бидат опфатени и препораките од Работната група за средношколско демократско организирање

5. Развивање Концепција на Центарот за талентирани ученици

**Излезни индикатори:**

- РГ за развивање на концепцијата е формирана
- Финансиските средства се определени;
- Концепцијата за Центарот што ги вклучува целите, задачите, принците на функционирање, работните услови и систематизацијата на работните меса е изготвена и разгледана со клучните заинтересирании страни;
- Концепсіјata е официјално одобрена и подготвени се насоки за негово воведување

**Статус**: Во 2018 година донесен е Закон за Математичко-информатичката гимназија („Службен весник на Република Македонија” бр. 64/18). Формирањето на Математичко-информатичката гимназија е повеќе од потребно во Република Македонија, бидејќи очекувањата се да се подигне нивото на математичко-информатичката наобразба во Република Македонија гледано во целост. Очекувањата се да има голем интерес од потенцијалните средношколци за упис во оваа гимназија и селекција на ученици кои се надарени, талентирани и со најдобри знаења и вештини од областа на математика и информатиката.

Математичко-информатичката гимназија која е во фаза на основање, покрај реализацијата на редовната настава од учебната 2019-2020 година ќе може да организира и напредна настава и обуки за математика, информатика и физика за талентирани ученици од основните и средните училишта.

## 4. СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Столб 4, од Стратегијата е посветена на стручното образование и обука
Како главни приоритети се утврдени:

- Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот
- Подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука
- Зголемување на опфатот во стручното образование и обука
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси

Во Акцискиот план за спроведување на Столб 4, предвидени се 11 мерки кои треба да се реализираат во 2018 година:

- Ревидирање и ажурирање на Концептот за постсредно образование
- Изработка на процедури за усогласување на постсредното образование со МРК
- Проценка на потребите во постсредното образование според побарувачката на пазарот на работна сила
- Изработка на упатства за развивање наставни програми за постсредно образование
- Целосно мапирање на училиштата за СОО
- Изработка на Акциски план за оптимизација на стручното образование и обука и распределба на струките
- Изработка на нови норми за просториите и опремата во установите за СОО
- Организирање целосен попис на потребите на училиштата за СОО
- Развивање Концепт на СОО центри на извонредност
- Официјално признавање на СОО центри на извонредност
- Проценка на потребите на СОО институциите/училиштата да прераснат во центри на извонредност

**Реализирани активности во 2018 година:**

1. <u>Ревидирање и ажурирање на Концептот за постсредно образование</u>

**Излезни индикатори:**

- Концептот за постсредно образование е ревидиран и разгледан е со клучните заинтересирани страни;

- Нацрт измените на законите за постсредно СОО во согласност со европските стандарди се изготвени;
- Нацрт измените на законите се поднесени до ВРМ

**Статус:** Со цел усогласување на законската регулатива од областа на образование, формирана е Национална работна група во рамките на МОН. За таа цел Центарот за стручно образование и обука формира своја работна група за ревидирање на Законот за стручно образование и обука.. Работната група направи нацрт измени на Закон за стручно образование и обука и ги достави на разгледување до Националната група во рамките на МОН. Законот за стручно образование и обука во кој има дел каде се регулира и постсредното образоавние, е во фаза на финализирање, за понатамошно процесуирање. Во Законот за стручно образование и обука се внесени недореченостите кои беа пречка за стекнување на квалификации во постсредното образование и се усогласени со барањата на Европската рамка на кваликации.
Откако ќе се донесат измените на законот за средното образование и законот за стручно образование и обука, Центарот за стручно образование и обука ќе пристапи кон ревидирање на Концепцијата за постсредно образование

2. <u>Изработка на процедури за усогласување на постсредното образование со МРК</u>

**Излезни индикатори:**
- РГ за изработка на процедурите се формирани;
- Процедурите се изработени и разгледани се со клучните заинтересирани страни;
- Процедурите за усогласување на постсредното образование со МРК се одобрени

**Статус:** Во рамките на „Водич за осигурување на квалитет при развивање на нови квалификации во Македонскиот систем на квалификации", дадени се процедури за развивање квалификации на сите нивоа на стручно образование. За реализација на сите чекори за изработка на нови квалификации или ревидирање на постоечките квалификации во техничкото образование ( кои се применуваат и во постсредното образование), ЦСОО во соработка со МОН изработи методологии:
- Методологија за изработка на стандарди на занимања
- Методологија за изработка на стандарди на квалификации
- Методологија за изработка на наставни планови
- Методологија за изработка на наставни програми

3. <u>Проценка на потребите во постсредното образование според побарувачката на пазарот на работна сила</u>

**Излезни индикатори:**
- Обуката и советите за проценката се обезбедени;
- Препораките и методологиите за проценка се изработени и разгледани се со клучните заинтересирани страни

**Статус:** По искажана потреба од пазарот на трудот за квалификации од постсредно образование, Центарот за стручно образование и обука, изработува програмски документи. Во текот на 2018 година, беа поднесени неколку иницијативи од за изработка на Стандарди на занимање и стандардии на квалификации. Занаетчиска комора на град Скопје поднесе иницијатива за изработка на програмски документи за квалификацијата мајстор-фризер. Центарот за стручно образование и обука изработи, стандард на квалификација, наставен план наставни и испитни програми за квалификацијата мајстор-фризер.
Исто така на иницијатива на СЕМОС ЕДУКАЦИЈА – Центар за компјутерска обука – Скопје се изработијаа два стандарда на занимање (Стандард на занимање Графички дизајнер и Стандард на занимање Веб дизајнер) и два Стандарда на квалификации (Стандард на квалификација Графички дизајнер и Стандард на квалификација Веб дизајнер).

4. Изработка на упатства за развивање наставни програми за постсредно образование

**Излезни индикатори:**

- Нацрт упатствата се изработени во соработка со приватниот сектор и социјалните партнери;
- Упатствата за изработка нанаставните програми за постсредно образование се одобрени

**Статус:** Со цел усогласување на постредното образование со МРК, Центарот за стручно образование и обука изработи нови обрасци за наставен план, наставна и испитна програма за постсредно образование, кои се донесени од министерот за образование и наука. Развивањето на квалификација за постсредно образование се врши согласно изработените методологии. Развивањето на наставни програми за постсредно образование се врши врз основа на методологија за развивање на наставни програми и донесениот образец.

5. Целосно мапирање на училиштата за СОО

**Излезни индикатори:**

- Повикот за набавка на услуги за целосно мапирање и попис на училиштата за СОО е организиран;
- Резултатите од мапирањето со утврдени главни одлики на локалните и регионалните пазари на работна сила и анализата на релевантноста се обработени

**Статус:** Во рамките на Проектот за развој на вештини и подршка на иновации (СКИЛС Проект) изработен е извештај за проценка на мрежата на училишта за стручно образование и обука, со анализа на трошоци и придобивки и предлог оперативен план за рационализација на мрежата на средните стручни училишта.

6. Изработка на Акциски план за оптимизација на стручното образование и обука и распределба на струките

**Излезни индикатори:**

- РГ за изработка на методологијата се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Главните одлики на локалните и регионалните пазари на работна сила се проучени;
- Нацрт Акцискиот план е изработен и разгледан е со клучните заинтересирани страни;
- Акцискиот план за оптимизација на мрежата на училишта за СОО и распределбата на струките е одобрен

**Статус:** Земајќи ги предвид одговорите на прашалниците добиени од сите 76 средни стручни училишта во земјата и врз основа на анализата на трошоци, овој извештај дава неколку стратегии за рационализација на мрежата за средните стручни училишта, кој е исклучително тежок и сложен процес, па од таа причина како единственото можно решение сугерира партиципативното донесување на одлуки од страна на државата, општинските и регоионалните тела.

7. <u>Изработка на нови норми за просториите и опремата во установите за СОО</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ за изработка на нормите се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Нацрт нормите за простории и опрема за установи за СОО според полето на интерес и профилот на занимања, во согласност со новите планови и програми се изработени и разгледани се со клучните заинтересирани страни;
- Нормите за простории и опрема се одобрени

**Статус:** Нема изработено нов норматив за простор и опрема во установите за СОО. Во сите наставни програми по стручно-теоретските предмети и практична настава што се реализираат во стручното образование, се внесуваат потребни средства и опрема за реализација на наставната програма.

8. <u>Организирање целосен попис на потребите на училиштата за СОО</u>

**Излезни индикатори:**

- Повикот за услугата попис на потребите на училиштата за СОО е организиран;
- Резултатите од пописот со утврдени потреби на училиштата за СОО се обработени;
- Критериумите за избор на училиштата за СОО што ќе бидат целосно опремени се дефинирани;
- Училиштата за СОО се избрани според резултатите од пописот и критериумите за избор;
- Каталогот на мебел и опремата за обука е изготвен и доставен е до избраните училишта за СОО

**Статус:** Во рамките на компонентата за модернизација на техничкото образование (4 годишното средно стручно образование) во СКИЛС Проектот извршена е проценка на постојната опремата што во моментот е достапна на училиштата за техничко образование и обука во Република Македонија, во смисла на нивната компатибилност со промените во наставните програми и образовни профили/квалификации. Истовремено е извршена и проценка на дополнителна опрема што треба да се набави за потребите на новите модуларни наставни програми и квалификации, за секое училиште за техничко образование и обука во земјата.
За реализација на оваа цел изработени се прашалници во кои се наведени постојните нормативи за наставните средства и помагала по наставни предмети од стручното образование за I, II, III и IV година во техничкото образование, изработени од Центарот за стручно образование и обука. Училиштата имаа обврска да ја претстават реалната состојба со наставните средства и помагала за соодветните профили/квалификации кои се реализираат во нив. За новите квалификации, кои се реализираат во училиштата а за кои не се изработени нормативи, беше понуден шаблон во кој училиштата можеа да ги наведат нивните потреби за опрема.
Добиениот преглед овозможи увид во разликите дефинирани во нормативите и постојната состојба и креираше јасен увид во потребите на стручните училиштата во Република Македонија за наставни средства и помагала, неопходни за реализација на постојните и новите наставни програми. Со цел утврдување на клучната опрема која ги обединува квалификациите во рамките на еден сектор, беа организирани 14 експертски групи составени од наставници од техничките училишта, универзитетски професори и претставници од бизнис заедницата. Нивната задача беше да ги селектираат сите наставни средства и помагала во еден сектор и да ја утврдат клучната опрема, карактеристична за секој стручен сектор и секоја квалификација.

Врз основа на овие спроведени активности изработен е Извештај за проценка на потребите за опрема во средните стручни училишта и изработени се листите за најнеопходни и приоритетни средства и опрема за сите 14 сектори, како и техничка спецификација за секој од нив.
Опремувањето на средните стручни училишта започна со објава на Јавен повик за набавка на опрема за училиштата од секторот -Земјоделство,рибарство и ветеринарство и во 2019 година ќе продолжи и во останатите сектори.

9. <u>Развивање Концепт на СОО центри на извонредност</u>

**Излезни индикатори**:
- РГ се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Нацрт Концептот е изготвен и разгледан е со клучните заинтересирани страни;
- Концептот за СОО центри на извонредност официјално е одобрен

**Статус:** Министерството за образование и наука во соработка со Европската тренинг фондација (ЕТФ) започна со подготовка на Концепт за воспоставување на регионални ВЕТ

Центри/Центри за извонредност. На почетокот на октомври 2018 година, во рамки на ЕТФ мисијата, МОН заедно со ЕТФ, а со поддршка на ДЕУ организираа воведна работилница за изготвување на концепт за регионалните ВЕТ центри како нова реформа во стручното обрзование. Во рамки на оваа мисија беше организиран и донаторски состанок за координација во ВЕТ под-секторот. Дискусијата за регионалните ВЕТ Центри беше интензивирана во рамки на наредната ЕТФ мисијата спроведена кон крајот на ноември 2018 година кога беше организирана последователна работилница за Концептот со фокус на можните функции и улоги кои би ги имале регионални ВЕТ центри. Во рамки на оваа мисија, тимот на ЕТФ присуствуваше на состанок со ДЕУ и линиските министерства (МОН и МТСП) при што даде експертска поддршка во процесот на преговарање и дефинирање на индикаторите и таргетите како дел од програмскиот документ „Договор за реформи во секторот „ЕУ за млади" за 2019 година во рамки на ИПА 2, во чии рамки е предвидено воспоставување на 3 регионални ВЕТ центри во 3 селектирани региони. Работната група за подготовка на Концептот за воспоставување на Регионални ВЕТ Центри/Центри за извонредност, е воспоставена.

10. Официјално признавање на СОО центри на извонредност

**Излезни индикатори:**

- Критериумите за избор на СОО институции се дефинирани;
- Избраните институции се официјално признати како СОО центри на извонредност со посебни одредби во нивните статути

**Статус:** За реализација на оваа активност потребна е измена и дополна на Законот за средно образование и на Законот за стручно образование и обука за што воспоставената работна група во МОН одржува редовни работни состаноци. Исто така со поддршка на ЕТФ во текот на 2019 година како појдовна основа, ќе се спроведат две истражувања со цел проценка на анализа на потребите за три училишта да прераснат во регионални ВЕТ центри.

11. Проценка на потребите на СОО институциите/училиштата да прераснат во центри на извонредност

**Излезни индикатори:**

- Повикот за набавки на услуги е организиран;
- Резултатите од проценката на потребите со препораки за подобрување на избраните СОО институции/училишта се обработени

**Статус:** Со поддршка на ЕТФ во текот на 2019 година планиорани се две истражувања и тоа:

- Истражување за сегашниот капацитет на сите провајдери на стручно образование во три селектирани региони за да ги генерира вештините кои во моментов се бараат од страна на работодавците и може да се бараат на среден и долг рок. Истражувањето ќе испита и објави едно или повеќе сценарија за тоа како квалитетот, квантитетот и вештините што ги обезбедуваат училиштата и центрите за обука можат подобро да се усогласат со пазарот на трудот и социјалните потреби.
- Истражување за побарувачката/потребата и понудата на вештини во избраните региони. Оваа студија ќе ја опише моменталната и идната побарувачка за вештини во избраните региони за да се истражат потенцијалите за раст на секторите и потсекторите на регионално и, ако е можно, општинско ниво, да се истражат социо-демографските движења и да се пресмета сегашниот недостаток или вишок на вештини. Истражувањето ќе ги земе предвид актуелните вештини за трендовите во изборот на образование (средно стручно образование или општа програма, терцијарно, стапки на премин од училиште на работа). Исто така, ќе обезбеди прогноза на потребите за вештини (квалитет и квантитет) на среден до долг рок, што ќе овозможи пресметка на потенцијалниот дефицит на вештини.

## 5. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ, ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИИ

Столб 5, од Стратегијата е посветен на Високото образование, истражувањето и иновациите.

Како главни приоритети се утврдени:

- Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики
- Унапредување на содржината во високото образование
- Подобрување на достапноста и системот за запишување во високото образование
- Подобрување на раководењето и финансирањето на високото образование
- Поддржување на истражувањата и иновациите

Во Акцискиот план за спроведување на Столб 5, предвидени се четири мерки кои треба да се реализираат во 2018 година:

1. Анализа на механизмите за раководење и управување на универзитетите
2. Мапирање на постојните студиски програми и проценка на нивната значајност за потребите на пазарот на трудот
3. Анализа на функционирањето на Одборите за доверба и соработка со јавноста
4. Ревидирање на механизмот за утврдување на приоритетните тематски области за истражување и иновации

**Реализирани активности во 2018 година:**

1. <u>Анализа на механизмите за раководење и управување на универзитетите:</u>

**Излезни индикатори:**

- Ефективноста на постоечките механизми за раководење и управување со универзитетите е анализирана;
- Препораките за ревизија на механизмите се подготвени и разгледани се со клучните заинтересирани страни (вклучувајќи ги и студентите);
- Нацрт правните акти се изготвени

**Статус:** Спроведена е Анализа на механизмите за раководење и управување на универзитетите., насловена како „Современо управување за македонските универзитети: меѓународни трендови и опции за реформи". Анализата за потребите на Министерството за образование и наука е изготвена од страна на меѓународниот консултант Џамил Салми (во рамки на Проектот за развој на вештини и иновации). Овој извештај за управувањето се фокусира на клучните аспекти на автономијата на организацијата и на управувањето со човечките ресурси предлагајќи мерки за зголемување на автономијата на установата и на отчетноста.

Новиот Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018 од 8.05.2018 година), кој е донесен во соработка со сите релевантни страни (високо-образовни установи, ректори, декани, професори и студенти) предвидува низа промени во начинот на управување на високо-образованите установи и изборот на ректор и декан. Согласно новиот Закон за високото образование, ректорот на универзитет има мандат од три години, а не четири како што беше досега. Ректорот ќе се избира од редот на редовните професори со објавување јавен оглас. Ректорот ќе се избира на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на единиците. Наставно-научниот, научниот или наставничкиот совет на единицата избира петчлена комисија која го спроведува гласањето на единицата на универзитетот.

Ректорите исто така веќе нема да може да избираат и да разрешуваат декан, односно директор на единица на универзитет. Тоа ќе го прави Наставно-научниот совет. Тој ќе избере декан на факултетот и ќе му ја достави одлуката за избор на Сенатот за потврдување. Наставно-научниот совет исто така ќе избира и продекани. Декан ќе биде веднаш разрешен ако не му се прифати годишниот извештај за работата. Поконкретно, доколку наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се смета дека деканот е разрешен и се известува ректорот да именува вршител на должноста декан. Истиот ден кога

наставно-научниот совет нема да го прифати извештајот за работа на деканот отпочнува постапка за избор на нов декан.

Законот ги зголемува и надлежностите на Универзитетскиот сенат за сметка на Ректорската управа, а предвидува и избор на претседател на Универзитетскиот сенат – функција што според претходното законско решение ја вршеше ректорот на универзитетот. Според новиот закон, ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба без право да учествуваат во одлучувањето.

2. <u>Мапирање на постојните студиски програми и проценка на нивната значајност за потребите на пазарот на трудот:</u>

**Излезни индикатори:**

- Повикот за набавка на услуги за мапирање и проценка на студиските програми на универзитетите е организиран;
- Методологијата за проценката на применливоста на изработените студиски програми е изготвена;
- Резултатите од мапирањето со сите тековни студиски програми (циклус 1 и 2) се обработени

**Статус:** Високо образование е образование кое се остварува преку студиски програми на универзитети и самостојните високи стручни школи, Креирањето, донесувањето и одлучувањето по нови студиски програми, е во надлежност на високо-образовните установи. Со донесувањето на новиот Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018 од 8.05.2018 година), во член 140 е пропишано што треба да содржи студиската програма (назив, цели на студиската програма и резултати од учење, академски или стручен назив кој се стекнува со завршување на студиите, степен или ниво според националната рамка за квалификации кој се стекнува со завршување на студиите, оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС, услови за запишување на студиската програма, листа на задолжителни и изборни наставни предмети, правила со кои се уредуваат модулите, задолжителните и изборните предмети и нивниот опис, со цел на предметот и резултати од учењето и други прашања од значење за изведување на студиската програма).

Содржината на студиските програми подетално се регулира со Правилник за содржината на студиските програми кој го донесува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност. Во рамките на надлежностите на Националниот совет е следење на развојот на високото образование, за што еднаш годишно поднесува извештај до Собранието и Владата на Република Македонија со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност. Согласно новиот Закон за високото образование,

Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, треба да се формира во рок од една година од стапување во сила на законот, поточно до 16.05.2019 година. Министерството за образование и наука, изготви и достави во владина процедура Информација за формирање на Национален совет, која е разгледана на 105-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.11.2018 година. Со заклучок од Владата, задолжени се сите надлежни институции да номинираат свои претставници во Советот и да ги достават до Собранието на Република Македонија.

Во рамките на МОН се развива Опсерваторија на вештини, со чија помош ќе се обезбедуваат информации, анализи, студии неопходни за креирањето на политиките за образование и за пазарот на трудот, како и за соодветноста на изборите што ги прават младите луѓе.

При донесување на Одлуката за квоти за уписи во академската 2018/2019 година, Министерството за образование и наука обезбеди и податоци од Агенцијата за вработување на Република Македонија за бројот на невработени лица за секој профил. Податоците се составен дел на предлог-одлуката за квотите за упис која се доставува до Владата на Република Македонија на донесување.

3. <u>Анализа на функционирањето на Одборите за доверба и сорбаотка со јавноста:</u>

**Излезни индикатори:**

- Проценката за функционирањето на ОДСЈ е спроведена;
- Препораките за подобрување на законската и институционалната рамка на работата на ОДСЈ се обезбедени

**Статус:** Согласно член 67 од Законот за високо образование, за да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно-истражувачката работа, како и да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, единица на универзитет формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста, односно одбор на високата стручна школа за соработка и доверба со јавноста. Одборите за соработка и доверба со јавноста на високообразовните установи имаат советодавна улога и во нив членуваат претставници на општината/градот Скопје каде што е формиран одборот, основачот, релевантни претставници на деловната заедница или нестопанството од делокругот на студиските програми, како и министерството надлежно за работите од областа на високото образование.

Во рамките на Твиниг проектот „Развој на соработка помеѓу високо-образовните институции, приватниот сектор и релевантните органи“ направена е анализа и изготвен е Прирачник за

одбори за соработка и доверба со јавноста со кој се обезбедуваат голем дел од основните информации кои што се од интерес за да се разбере улогата на Одборите за соработка и доверба со јавноста.

4. Ревидирање на механизмот за утврдување на приоритетните тематски области за истражување и иновации

**Излезни индикатори:**

- РГ се формирани;
- Механизмот е изготвен и одобрен е од НСВОНИТ со клучните заинтересирани страни;
- Нацрт правните акти се изготвени

**Статус:** Новиот Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018 од 8.05.2018 година), кој е донесен во соработка со сите релевантни страни предвидува промени во начинот на утврдување на приоритетните тематски области за истражување и иновации. Согласно член 43 став 2 точка 21 од новиот Закон за високото образование, Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност ( кој треба да се формира во рок од една година од стапување во сила на законот, поточно до 16.05.2019 година), предлага до Владата на Република Македонија приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој

Министерството за образование и наука, изготви и достави во владина процедура Информација за формирање на Национален совет, која е разгледана на 105-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.11.2018 година. Со заклучок од Владата, задолжени се сите надлежни институции да номинираат свои претставници во Советот и да ги доставаат до Собранието на Република Македонија.

## 6.УЧЕЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

Столб 6, од Стратегијата е посветен на Учење и образование на возрасните

Како главни приоритети се утврдени:

- Зголемување на квалификациите на возрасните (знаења, вештини и компетенции)
- Подобрување на содржината и квалитетот на учењето и образованието на возрасни
- Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со учењето и образованието на возрасни

Во Акцискиот план за спроведување на Столб 6, предвидени се пет активности кои треба да се реализираат во 2018 година:

- Воспоставување Координативно тело за ВНИУ поврзан со Одборот на МРК
- Изготвување на правила и процедури за ВНИУ
- Развивање методолошки документи за спроведување на ВНИУ
- Ревизија на системот за мониторинг на квалитетот во УОВ за возрасни
- Воспоставување на информациски систем за УОВ

**Реализирани активности во 2018 година:**

1. Воспоставување Координативно тело за ВНИУ поврзан со Одборот на МРК

**Излезни индикатори:**

- Координативното тело за ВНИУ којшто го управува и надгледува напредокот и спроведувањето на ВНИУ врз основа на годишен работен план е воспоставен;
- Опсегот на Координативното тело за ВНИУ е дефиниран

**Статус:** Од 2014 година ЈУ Центар за образование на возрасните (ЦОВ) работи на креирање и воспоставување на систем за валидација на неформалното и информалното учење (ВНИУ) во Република Македонија. Во 2015, во ЦОВ, се формира одделение надлежно за процесот на ВНИУ.

Со цел следење на активностите за воспоставувањето на систем за валидација на неформалното и информалното учење, со Решение на директорката на ЈУ Центар за образование на возрасните, во февруари 2018 година, формирано е Координативното тело за следење на мерката „Воспоставување на системот за валидација на неформално и информално учење" во рамки на Стратегијата за образованието за 2018-2025 година. Координативното тело е составено од 14 члена, претставници од повеќе институции: МОН (претседател и член), ЦОВ (два члена), ЦСОО (два члена), како и по еден член од: МТСП, АВРМ, БРО, ДИЦ, ЗК, СКМ, работничките универзитети и невладиниот сектор. Улогата на координативното тело е да ја следи и координира реализацијата на активностите од Акциониот план на Стратегијата, како и активно да учествува во градењето на системот за валидација, преку давање на предлози и сугестии.
Координативното тело одржа две седници во 2018 година. Конститутивната седница се одржа во септември 2018, а во рамки на седницата беа презентирани активностите поврзани со системот на ВНИУ, како и улогата на КТ во рамки на процесот.

2. Изготвување на правила и процедури за ВНИУ:

**Излезни индикатори:**

- РГ во рамките на Координативното тело за ВНИУ за изготвување на правила и процедури за ВНИУ се формирани;
- Одредбата за Правилникот за акредитација на институциите, сертифицирање на кандидатите, мониторинг и контрола на квалитетот на ВНИУ е усвоена

**Статус:** Од 2014 година, ЈУ Центар за образование на возрасните работи на изготвување на правила и процедури за валидација на неформалното и информалното учење. Изготвени се повеќе клучни документи, со поддршка на различни партнери, кои претставуваа основа за изготвување на легислативата за валидација во 2018 година.

Со поддршка на Европската тренинг фондација (ЕТФ) беа изготвени следниве документи, поверани со ВНИУ процесот:

- Концепција за неформално образование и информално учење во Република Македонија (2015)
- Патоказ за спроведување на системот за валидација на неформалното и информалното учење во Република Македонија (2016)
- Водич за процедурите на ВНИУ (2017)
- Спецификација на пакетот на информации и методологија (2017)

Со цел мапирање на капацитетите на земјава за имплементација на системот за валидација на неформалното и информалното учење, ЦОВ, со поддршка на Центарот за доживотно учење (ДВВ Интернационал), ги изготви следниве анализи:

- Компаративна анализа за институционалната рамка, ВНИУ процедури и инструменти во Европа со препораки за во Македонија (2016)
- Анализа на провајдерите во системот на валидација на неформалното и информалното учење (2018)

Во октомври 2018 година, министерот за образование и наука формираше Работна група за изменување и дополнување на законски и подзаконски акти поврзани со имплементација на мерката „Воспоставување на систем на валидација на неформално и информално учење" од Стратегијата за образованието 2018-2025. Работната група, во месеците октомври, ноември и декември 2018 година, активно работеше на измените и дополнувањата на Законот за образование на возрасните. Целта беше внесување на членови во Законот, кои ги одредуваат надлежностите и процедурите, а во врска со системот за валидација. До крајот на годината беше изготвена првичната верзија на легислативата за ВНИУ.

Работната група, како појдовна основа за измените и дополнувањата на Законот за образование на возрасните, ги користеше претходно изготвените документи за ВНИУ. Исто така, при изготвување на легислативата беа консултирани и претходно наведените анализи за процесот на ВНИУ.

3. <u>Развивање методолошки документи за спроведување на ВНИУ</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ во рамките на Координативното тело за ВНИУ за изработување на методолошки документи за ВНИУ се формирани;
- Методолошките документи се развиени;
- Алатките за ВНИУ се развиени

**Статус:** Во рамки на соработката со Европската тренинг фондација (ЕТФ), а како резултат на препораките и насоките кои произлегоа од Концепцијата за неформално образование на возрасните, во 2017 беше развиен документот Спецификација на пакетот на информации и методологија. Документот беше изработен од ЕУ експерт, со поддршка на Работната група за изработка на Концепцијата за неформално образование на возрасните. Спецификацијата ги содржи сите потребни елементи за развивање на системот за валидација на неформалното и информалното учење, на кои паралелно се работеше изминативе години и ќе се работи наредниов период.
Во 2018 година се започна и со изработка на Методологијата за валидација на неформалното и информалното учење. Методологијата претставува детален документ, во кој се опишани: целта и придобивнките од процесот на ВНИУ, инволвираните институции и нивните надлежности, фазите во процесот и кадарот потребен за имплементација на системот, корисниците на услуги за ВНИУ, процедурата, методите, техниките и инструментите кои се користат, процесот на акредитација на провајдерите за ВНИУ и други информацции. Во документот посебен акцент се става на мерките за обезбедување на квалитет во процесот на валидација, како и на значењето и потребата од модуларни стандарди на квалификации во кои се внесени модулите и ЕЦВЕТ кредитите, кои служат како основа за валидирање на кандидатите. Документот е наменет за сите инволвирани страни. Тој им служи на провајдерите како водич, со цел да се запознаат со сите чекори во процесот, но и на кандидатите, да имаат јасна слика за целиот тек на валидацијата. Во прилог на документот се прикачени сите обрасци и алатки потребни за процесот, како за провајдерите, така и за кандидатите. Методологијата за валидација на неформалното и информалното учење се изработува со поддршка на Центарот за доживотно учење (ДВВ Интернационал). Во 2019 година се планира да се доработи и финализира документот, со цел истиот да може да се користи во фазата на пилотирање (2019 г.).

Во рамки на Еразмус+ за национални координатори, „Поддршка на креирање на политиките во образованието на возрасните“, беше изработено Протфолио за компетенции. Портфолиото се користи како основна алатка за кандидатите во процесот на валидација. Кандидатот во процесот е воден од посебно обучен советник, со чија помош ги внесува сопствените знаења, вештини и компетенции, како и приложува докази за истите во рамки на алатката. Преку Еразмус+ проектот, во 2019 година, ќе се организираат циклус на обуки за

советници. Целта на обуките е идните советници да се здобијат со знаења и вештини, потребни за водење на кандидатот при пополнување на Портфолиото.

4. Ревизија на системот за мониторинг на квалитетот во УОВ за возрасни

**Излезни индикатори:**

- РГ за ревидирање на системот за мониторинг на квалитетот се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Системот за мониторинг на квалитетот во УОВ на возрасни е ревидиран, изготвени се јасно дефинирани процедури и разгледани се со клучните заинтересирани страни;
- Нацрт правниот акт за одобрување на системот е изготвен;
- Рревидираниот систем за мониторинг на квалитетот во УОВ за возрасни и упатствата за негово воведување официјално се одобрени;
- Алатките за мониторинг се ревидирани и се одобрени

**Статус:** Со проектната единица од Образование за вработување (Е4Е) се планира:

- ревидирање на инструментите кои се користат за стручен надзор и евалуација на посебни програми за образование на возрасните,
- одржување на состанок со Државниот просветен инспекторат (ДПИ), со цел да се разграничат одговорностите, кои се пропишани во Законот за образование на возрасни,
- дефинирање на надлежностите на ЦОВ и на ДПИ во мониторингот,
- организирање на работилница: ЦОВ и ДПИ, со можност да се вклучат и понудувачи на услуги, со што би се земале во предвид и нивните предлози за процесот на мониторирање.

Сите активности е планирано да се спроведат во текот на 2019 година.

5. Воспоставување на информациски систем за УОВ:

**Излезни индикатори:**

- Повикот за набавка на информациски систем за УОВ е организиран;
- Информацискиот систем за УОВ е инсталиран во ЦОВ и е целосно функционален според одобрениот Концепт за собирање и обработка на статистички податоци за системот за НО и ОВ

**Статус:** Центарот за образование на возрасните како Национален координатор за имплементација на Европската агенда за образование на возрасните, го имплементираше Еразмус+ проектот „Поддршка на креирање на политиките во образованието на возрасните“.

Овој проект беше реализиран во рамките на Акцијата на националните координатори за имплементација на Европската агенда за образование на возрасните.

Преку овој проект беше изработен Национален информациски систем за обрзованието на возрасните. Во информацискиот систем се внесени сите верификувани понудувачи на услуги на образование на возрасните и верификуваните посебни програмите кои тие ги нудат. Покрај тоа, во информацискиот систем се внесени и останатите, неверификувани понудувачи на услуги во образованието на возрасните.

Техничката спецификација на софтверот за инфорамцискиот систем беше изготвена од ЕУ експерт, во соработка со национален експерт и вработените во ЦОВ. Изведбата на инфорамцискиот систем беше од домашна ИТ компанија.

По изготвувањето на информацискиот систем, истиот беше промовиран во 6 града во Македонија (Скопје, Битола, Тетово, Гостивар, Штип и Струмица).

## 7. ОПШТИ/ЗАЕДНИЧКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Столбот 7, од Стратегијата е посветен на Општи/заеднички приоритети во образовниот систем

Како главни приоритети се утврдени:

- Подобрување и усогласување на законската основа во образованието
- Подобрување на системот за прибирање статистички податоци и ЕМИС
- Обезбедување широка употреба на ИКТ во образованието и обуката и дигитална писменост
- Зајакнување на социјалното партнерство и подобрување на дијалогот за образовните политики
- Операционализација на МРК
- Подобрување на капацитетите на националните институции и обезбедување мониторинг и евалуација на Стратегијата

Во Акцискиот план за спроведување на Столб 7, предвидени се дваесет и шест активности кои треба да се реализираат во 2018 година:

- Ревизија на постојното законодавство во областа на образованието
- Подготовка на измени во постојното законодавство во областа на образованието
- Подготовка на нацрт Закон за високо образование кој овозможува административна, финансиска и академска автономија на универзитетитеУ
- Утврдување на потребите на корисниците на ЕМИС
- Подготовка на регулатива за работата и употребата на ЕМИС

- Ревидирање на структурата, содржината и механизмите за пристап до ЕМИС
- Засилување на соработката меѓу ДЗС и МОН во прибирање и публикување на образовните податоци
- Обучување на соодветните кадри на сите образовни институции за обезбедување податоци за ЕМИС и за ДЗС, како и за користење на статистички податоци за целите на управувањето
- Обучување на кадрите на МОН, МТСП и други релевантни јавни институции за пристап и користење на податоците од ЕМИС (во согласност со неговата регулатива)
- Анализа на можностите на воспоставување на ОРОП
- Преговори со релевантните организации за воспоставување на ОРОП
- Формална постапка за воспоставување на ОРОП
- Подготовка на клучните Концепти поврзани со МРК
- Подготовка на подзаконски акти, правилници, методологии, протоколи, насоки и други акти релевантни за структурата на МРК
- Воспоставување структури за МРК
- Дефинирање на улогите и одговорностите на различни клучни заинтересирани страни во спроведувањето на МРК
- Изградба на капацитетот на клучните заинтересирани страни вклучени во структурите на МРК
- Анализирање на воспоставениот систем за МРК на структурни и системски нивоа
- Подготовка на насоки за резултатите од учењето и нивна дистрибуција
- Подготовка на насоки за вклучување на постојните и новите квалификации во МРК
- Изградба на капацитетите на различни актери според нивните улоги поврзани со МРК
- Вклучување на постојните квалификации во МРК
- Анализирање на постојниот систем за потврда на квалитетот и план за негово подобрување
- Подготовка на насоки за потврда на квалитетот на сите нивоа во образовниот систем
- Проценка на потребите од обука на кадарот и потребите за развој на институционалните капацитети на министерствата и другите јавни тела поврзани со образование во смисла на подобрено владеење
- Воспоставување тело за мониторинг и евалуација во рамките на МОН

**Реализирани активности во 2018 година:**

1. <u>Ревизија на постојното законодавство во областа на образованието</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ за ревизија на законодавството се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Ревидираните резултати со утврдените недоследности (контрадикторности) и со препораките за ревизија на правните акти се разгледани со клучните заинтересирани страни

**Статус:** Формирана е Работна група за изготвување на нов Закон за основно образование, Работна група за ревизија (и усогласување со НРК) на Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование и Законот за образование на возрасните.

2. <u>Подготовка на измени во постојното законодавство во областа на образованието</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ за подготовка на Амандманите кон законодавството се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Правните акти за Амандманите кон законодавството се изготвени и разгледани се со клучните заинтересирани страни;
- Нацрт правните акти за Амандманите се поднесени

**Статус:** Формирана е Работна група за изготвување на нов Закон за основно образование. Изготвен е предлог текст на Законот за основно образование и истиот е објавен за јавна расправа.
Во месец ноември 2018, формирана е Работна група за ревизија (и усогласување со НРК) на Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование и Законот за образование на возрасните.

3. <u>Подготовка на нацрт Закон за високо образование кој овозможува административна, финансиска и академска автономија на универзитетите</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ за подготовка на Законот се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Меѓународните искуства се проучени;
- Нацрт Законот е подготвен и разгледан е со клучните заинтересирани страни, вклучувајќи ги и студентите;
- Нацрт законот е подобрен (земени се предвид резултатите од јавната расправа) и е поднесен

**Статус:** Законот за високото образование е изготвен во широка консултација со сите засегнати страни (универзитети, професори, студенти...). Законот е донесен и објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 од 08.05.2018 година. Согласно Акцискиот план за имплементација на Стратегијата, предвидено е подзаконските акти за високо образование да се донесат во 2019 година. Дел од подзаконските акти (девет) се донесени во текот на 2018 година и истите се објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр.102/18 од 1.06.2018 година.

4. Утврдување на потребите на корисниците на ЕМИС

**Излезни индикатори:**

- РГ се формирани;
- Резултатите од анализата се разгледани со клучните заинтересирани страни

5. Подготовка на регулатива за работата и употребата на ЕМИС

**Излезни индикатори:**

- РГ за подготвување на регулатива се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Регулативата е подготвена и е разгледана со клучните заинтересирани страни;
- Регулативата за работата и употребата на ЕМИС е официјално одобрена

6. Ревидирање на структурата, содржината и механизмите за пристап до ЕМИС

**Излезни индикатори:**

- Повикот е организиран;
- Софтверот на ЕМИС е ревидиран;
- Потребниот хардвер е набавен и е инсталиран

**Статус за активност 4, 5 и 6:** Формирана е Работна група за утврдување на потребите на корисниците на ЕМИС. Во текот на 2018 година извршена е надградба на ЕМИС системот, во делот на ученичкиот модул, врз основа на анализата на Работната група. Поедноставен е и начинот на верификација на наставните планови и програми. Воведен е модул за генерирање на нови стандардизирани извештаи (Извештај за сите училишта со сите податоци, Извештај за наставни планови групирани на ниво на училиште, паралелка, ученици, Извештај за пополнетоста на системот по ученик и многу други). По барање на наставниците, и врз основа на анализата на Работната група подобрена е функционалноста и на модулот за наставници (поедноставен е прегледот на статусот на наставнците и промената на наставниците од едно во друго училиште).

7. Засилување на соработката меѓу ДЗС и МОН во прибирање и публикување на образовните податоци

**Излезни индикатори:**

- Листата на побарувања за потребната обработка на податоци за потребите на МОН е подготвена;

- Листата на побарувања за потребните податоци за потребите на ДЗС на ниво на ученик и наставник на ниво на училиште е подготвена;
- Меморандумот за соработка којшто обезбедува задоволување на потребите на МОН и ДЗС е подготвен;
- Обучен е кадар за користење на ЕМИС за потребите на ДЗС

**Статус:** Во месец мај 2018 година, склучен е Договор за електронска размена на податоци помеѓу Министерството за образование и наука и Државен завод за статистика, во кој се уредени начинот, постапката и динамиката на доставување на податоци помеѓу МОН и ДСЗ.

8. <u>Обучување на соодветните кадри на сите образовни институции за обезбедување податоци за ЕМИС и за ДЗС, како и за користење на статистички податоци за целите на управувањето</u>

**Излезни индикатори:**
- Повикот за набавка на услуги за обука е организиран;
- Раководителите и соодветните кадри на сите образовни институции се обучени

**Статус:** Во Годишниот план за јавни набавки на Министерството за образование и наука за 2019 година, предвидена е јавна набавка за Обучување на кадрите на МОН, МТСП и други релевантни јавни институции за пристап и користење на податоците од ЕМИС

9. <u>Обучување на кадрите на МОН, МТСП и други релевантни јавни институции за пристап и користење на податоците од ЕМИС (во согласност со неговата регулатива)</u>

**Излезни индикатори:**
- Повикот за набавка на услуги за обука е организиран;
- Соодветните кадри на МОН, МТСП и јавните институции се обучени

**Статус:** Во Годишниот план за јавни набавки на Министерството за образование и наука за 2019 година, предвидена е јавна набавка за Обучување на кадрите на МОН, МТСП и други релевантни јавни институции за пристап и користење на податоците од ЕМИС

10. <u>Анализа на можностите на воспоставување на Одбор за развивање образовни политики (ОРОП)</u>

**Излезни индикатори:**
- Повикот за услуги за анализа на можностите е организиран;

- Резултатите од анализата со препораки за можностите, опциите и Концептот за воспоставување ОРОП се обработени

11. Преговори со релевантните организации за воспоставување на ОРОП

**Излезни индикатори:**

- Прелиминарниот договор за воспоставување на ОРОП и неговите статутарни аспекти е постигнат;

12. Формална постапка за воспоставување на ОРОП

**Излезни индикатори:**

- ОРОП официјално е воспоставен;
- Критериумите за учество и работа во ОРОП се изработени

**Статус за активност 10, 11 и 12:** Министерството за образование и наука, во соработка со Уницеф и Центарот за управување со промени (со финансиска поддршка од Британската влада) започна со процес на изготвување на функционална анализа на Министерството, која има за цел да даде реална и целосна слика на подготвеноста на институцијата на краток и среден рок да ги спроведе неопходните подобрувања за подобро вршење на нејзините основни функции. Спроведениот процес треба да биде преточен во документ кој ќе даде осврт на ефикасноста и ефективноста на извршувањето на работите и работните задачи во рамки на внатрешната поставеност, како и за дистрибуцијата на расположливите ресурси (кадровски, просторни, ИТ, технички и др.), од кои најзначаен секако е човечкиот капитал.

Во рамки на овој проект предвидено е формирано и на ново Аналитичко одделение во рамки на Министерството кое ќе има за цел да врши анализа на податоците и да предлага развивање на образовни политики базирани на податоци. Целта е одделението за аналитика блиску да соработува со сите образовни институции, во насока на континуирано дисеминирање на анализите кои ги прави секоја институција.

13. Подготовка на клучните Концепти поврзани со МРК

**Излезни индикатори:**

- Наставниот план е ревидиран;
- Настаните се спроведени;
- Документите се подготвени

**Статус:** Изгработени и одобрени се стандарди на занимања и стандарди на квалификации и врз основа на нив ревидирани се и изработени наставни планови и програми за техничкото образование. Во рамките на ИПА Проектот за Модернизација на стручното образование и обука изработени и одобрени се стандарди на занимања и стандарди на квалификации и врз основа на нив ревидирани се и изработени наставни планови и програми за двегодишното и тригодишното стручно образование и обука.

14. Подготовка на подзаконски акти, правилници, методологии, протоколи, насоки и други акти релевантни за структурата на МРК

**Излезни индикатори:**

- РГ за подготовка на документите се формирани;
- Документите се подготвени и разгледани се со клучни заинтересирани страни;
- Подзаконските акти, правилниците, методологиите, протоколите, насоките и другите акти официјално се одобрени

**Статус:** . Во соработка и активно учество со клучните заинтересирани страни изработени се методологии и протоколи кои се одобрени од страна на националниот одбор за МРК и поставени на веб странана на Македонската рамка на квалиификации.
http://mrk.mk/?page_id=55&lang=mk
Формирана е работна група за усогласување на законите од образованието со Законот за НРК.

15. Воспоставување структури за МРК

**Излезни индикатори:**

- Секторски комисии за квалификации и другите поврзани структури официјално се воспоставени

**Статус:** Фомирани се девет секторски комисии кои активно работаа на разгледување и одобрување на стандардите на квалификации. Направени се обуки за членоивите на пет секторски комисии за читање на резултатите од учење во стандардите на квалификации и одредување на нивото на квалификацијата во МРК.

16. Дефинирање на улогите и одговорностите на различни клучни заинтересирани страни во спроведувањето на МРК

**Излезни индикатори:**

- Улогите на клучните заинтересирани страни јасно се дефинирани и договорени

**Статус:** Со отпочнатите измени и дополнување на законите од образованието и усогласување со Законот и процесите за НРК конкретно се дефинирани улогите на заинтересираните страни..

17. <u>Изградба на капацитетот на клучните заинтересирани страни вклучени во структурите на МРК</u>

**Излезни индикатори:**

- Повикот за набавка на услуги за изградба на капацитети е организиран;
- Барем 50 членови на структурите на МРК се обучен

**Статус:** Обучени се членовите на пет секторски комисии за квалификации. Во тек е обука на членовите на четирите секторски комисии. Обучени се претставници од Коморите, советниците од ЦСОО, дел од советниците од ЦОВ и БРО, понудувачи на образовни услуги за образование на возрасните. Вкупно се обучени над 60 чинители.

18. <u>Анализирање на воспоставениот систем за МРК на структурни и системски нивоа</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ за спроведување анализа се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Потребите за подобрување на системот се утврдени и разгледани се со клучните заинтересирани страни

**Статус:** Направена е анализа на воспоставениот систем за МРК во рамките на ИПА Проектот Понатамошна имплементација за НРК и изработен е документ со препораки за измени во законите за областа на образованието. Препораките се земени предвид при измените и дополнувањето на законите кои се во тек (за кои е формирана Работна група).

19. <u>Подготовка на насоки за резултатите од учењето и нивна дистрибуција</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ за подготвување на насоките се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Насоките се подготвени и разгледани се со клучните заинтересирани страни;
- Насоките официјално се одобрени и дистрибуирани, со јасно дефинирани правила, начини и услови за подготовка и спроведување ефикасни резултати од учењето и нивно користење од страна на различни корисници

**Статус:** . Во рамките на ИПА Проектот Понатамошна имплементација за НРК изработен е Прирачник за развивање на нови квалификации во кои е разработен и делот за резултати од учење. Прирачникот е поставен на веб страната на НРК (http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/05/priracnik-za-razvivanje-na-novi-kvalifikacii-2.pdf) и дистрибуирани се Прирачници.
Во рамките на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (СКИЛС) и ИПА Проектот за Модернизација на стручното образование и обука, советниците од ЦСОО одржаа обуки за наставниците од стручните училишта за користење на резултатите од учење и критериумите за оценување.
Во рамките на своите активности советниците од БРО одржаа обуки за наставниците од основните училишта.

20. Подготовка на насоки за вклучување на постојните и новите квалификации во МРК

**Излезни индикатори:**

- РГ за подготвување на насоките се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Насоките се подготвени и разгледани се со клучните заинтересирани страни;
- Насоките за опфаќање на квалификациите во МРК (вклучително и постапката за порамнување) официјално се одобрени и дистрибуирани.

**Статус:** Врз основа на Анализата за потребите на пазарот на труд направена во рамките на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (СКИЛС) и ИПА Проектот за Модернизација на стручното образование и обука и Прирачниците за прилагодување на постојните и развивање на нови квалификации, се направи вклучување и рапоредување по нивоа на вкупно 40 квалификации.

21. Изградба на капацитетите на различни актери според нивните улоги поврзани со МРК

**Излезни индикатори:**

- Повикот за набавка на услуги за изградба на капацитети е организиран;
- Барем 100 лица се обучени

**Статус:** Во рамките на  Проектот за развој на вештини и подршка на иновации (СКИЛС) и ИПА Проектот за Модернизација на стручното образование и обуканаправени обучени се нас 200 лица. Националниот одбор за МРК обучи  45 лица.

22. <u>Вклучување на постојните квалификации во МРК</u>

**Излезни индикатори:**

- Сите релевантни квалификации што постоеле до воведувањето на МРК се ревидирани (порамнети) и опфатени се во МРК

**Статус:**  Во МРК во 2018 година се ревидираа и се вклучија квалификации кои беа побарувани на пазарот на труд од спроведената анализа.

23. <u>Анализирање на постојниот систем за потврда на квалитетот и план за негово подобрување</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ за анализирање се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Од страна на релевантните структури на ЕУ воспоставен е аналитички извештај за елементите и постапките на постојната евалуација за потврда на квалитетот со препораки за потребните подобрувања, усвоени од страна на МОН и Одборот на МРК

**Статус:** . Направена е анализа на воспоставениот систем за МРК во рамките на ИПА Проектот Понатамошна имплементација за НРК и изработен е документ со препораки за измени во законите за областа на образованието.   Од страна на Одборот на МРК и МОН усвоени се препораките дадени од  Советодавната група за ЕРК при ЕК и изготвен е Патоказ со понатамошни активности.

24. <u>Подготовка на насоки за потврда на квалитетот на сите нивоа во образовниот систем</u>

**Излезни индикатори:**

- РГ за подготвување на насоките се формирани;
- Финансиските средства се определени;
- Насоките како да се користи потврдата на квалитетот во високото образование (внатрешни и надворешни системи за потврда на квалитетот) се изготвени;
- Насоките како да се користи ЕКАВЕТ се изготвени;
- Широката јавност е информирана за начинот на кој функционира механизмот за потврда на квалитетот во македонскиот образовен систем

**Статус:** Врз основа на Препораките од направената анализа се започна процес за измени и дополнување на законите од областа на образованието и на Законот за НРК во кој се прецизираа одредени процеси од обезбедувањето на квалитет.
Започнат е процесот за воведување на ЕЦВЕТ системот и изготвено и официјално одобрено е Упатство за доделување на ЕЦВЕТ кредити и поени во стручното образование и обука . Поставено на веб страната http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/edited_Upatstvo-za-presmetuvanje-na-ECVET.pdf.

Во рамките на активностите на МОН и Одборот на МРК направени се три регионални работилници во Скопје, Струмица и Битола на тема: НРК како инструмент за осигурување на квалитет и една конференција со присуство на министер во Скопје. Во рамките на регионалните работилници опфатени беа различни чинители од различни градови: Кавадарци, Велес, Штип, Прилеп, Охрид, Куманово, Тетово, Гостивар, Ресен, Крушево, Демир Хисар ,Неготино и други. Учествувано во конференции организирани од други чинители на тема: НРК инструмет за обезбедување на квалитет.

25. Проценка на потребите од обука на кадарот и потребите за развој на институционалните капацитети на министерствата и другите јавни тела поврзани со образование во смисла на подобрено владеење

**Излезни индикатори:**

- Повикот за набавка на услуги за проценка на потребите е организиран;
- Резултатите од проценката на потребите на вработените, заедно со препораките за обука заснована на резултатите од учењето и развој на институционалните капацитети на јавните тела се обработени

**Статус:** Министерството за образование и наука, во соработка со Уницеф и Центарот за управување со промени (со финансиска поддршка од Британската влада) започна со процес на изготвување на функционална анализа на Министерството, која има за цел да даде реална и целосна слика на подготвеноста на институцијата на краток и среден рок да ги спроведе неопходните подобрувања за подобро вршење на нејзините основни функции. Спроведениот процес треба да биде преточен во документ кој ќе даде осврт на ефикасноста и ефективноста на извршувањето на работите и работните задачи во рамки на внатрешната поставеност, како и за дистрибуцијата на расположливите ресурси од кои најзначаен секако е човечкиот капитал.

26. Воспоставување тело за мониторинг и евалуација во рамките на МОН

**Излезни индикатори:**

- Одделението во рамките на МОН со посебна одговорност да врши мониторинг на спроведувањето на Стратегијата официјално е воспоставено и ја организира нејзината евалуација

**Статус:** Одделението за стратешко планирање и анализи, во соработка со сите засегнати страни изготви Извештај за реализираните активности од Стратегијата за образование 2018-2025 година, за 2018 година.